# Дневна хемеротека за *24.12.2015г.*

## Алсат-М - *Владата сѐ уште без одлука за „Југохром“*

ALSAT M

# Владата сѐ уште без одлука за „Југохром“

18:53, 23 декември

Сподели ја веста:




Владата, и покрај очекувањата на Тетовци, на вчерашната седница не донесе одлука за „Југохром“. Министерот за екологија, Нурхан Изаири, вели дека барањето за решавање на случајот ќе се постави и на денешната владина седница. Министрите од редовите на ДУИ уверуваат дека ќе инсистираат на затворање на „Југохром“. За градоначалничката на Тетово протестите во градото против загадувањето се политизирање на ситуацијата. Теута Арифи во емисијата „200“ на Алсат изјави дека општината ќе продолжи да применува разни мерки против загадувањето на воздухот.

„Мислам дека е голема тенденција за да се персонализира и јас не сум наивна да не го разберам тоа. Ние треба да се бориме против загадувањето а не да се бориме едни против други и јас сум во таа група што ќе се бори против загадувањето, но не да се загадуваат нашите внатрешни односи“, рече Теута Арифи, општина Тетово.

Граѓанските организации „Еко Герила“ и „Мајки и деца“ и понатаму бараат од градоначалничката Арифи да навистина да придонесе во прекинот на работата на „Југохром“ и местото за фрлање отпад.

„Би сакал за почеток да видам најмалку да се постави некоја ограда околу тоа, да се сложиме, да ја викаме, депонија. Ете многу добар почеток и верувам дека ќе се оствари. Потоа да се постави некој режим на сообраќајот во централниот дел на градот па да видиме како тоа ќе влијае“, изјави Арјанит Џафери, „Еко Герила“.

„Да прекине производниот процес во „Југохром“,  Влада да ја усвои таа одлука и да почне процесот за поставување филтри, имајќи го предвид социо-економскиот аспект кон работниците“, рече Игбале Ферати, „Мајки и деца“.

Раководителите на невладините здруженија го повторија ставот дека повторно ќе излезат на протести ако до 25 декември не се донесе одлука за затворање на „Југохром“.

Вјолца Алити

## Portalb - *“Eco Guerilla”: Presim të konfirmohet lajmi për mbylljen e Jugohromit*

PORTALB
dritare realiteti

# “Eco Guerilla”: Presim të konfirmohet lajmi për mbylljen e Jugohromit

S. B. lexuar 135 0 Tetovë 9:32 më 24/12/2015




Lëvizja Eco Guerilla

Lajme lidhur me temën


Nurhan Izairi për Portalb: Qeveria ende nuk ka sjellë vendim për mbylljen e Jugohromit


Izairi: Deri nesër do të ketë vendim për “Jugohromin”


(VIDEO) Arifi: “Jugohrom” ndodhet në Komunën e Jegunocës, askush nuk u interesua atje


Qeveria shtyn për nesër diskutimin për ndotësin e Pollogut, Jugohrom

Që në orët e hershme të mëngjesit OJQ “Eco Guerilla”, ka dalë me deklaratë se jo-zyrtarisht mësojnë se Qeveria e Maqedonisë ka marrë vendim për mbylljen e fabrikës së Jugohromit si një ndër ndotësit më të mëdhenj në Tetovë, njofton Portalb.

Nëpërmjet një statusit në facebook, nga organizata shtojnë, se lajmi ende nuk është i konfirmuar dhe se pritet gjatë ditës i njëjti të publikohet.

**Potalb, ka tentuar të kontaktojë me zëdhënësit dhe ministrat e Qeverisë, por asnjëri nga ata nuk e ka hapur telefonin.**

Në ndërkohë edhe kryetari i “Eco Guerillas”, nëpërmjet një statusi në facebook, ka bërë thirrje që fillimisht të konfirmohet lajmi dhe të mos e kap euforia publikun.

Arianit Xhaferi
President/Founder at Eco Guerilla · 257 followers · 10 hrs · Tetovë ·
Profile

Të dashur miq,
Nuk jam në gjendje të konfirmoj lajmin që Jugohrom është mbyllur. Le të presim diçka zyrtare para se të na kapë euforia.

Драги пријатели,
Не можеме да ја потврдиме веста за затварањето на Југохром. Ќе чекаме официјална информација од страна на Владата.

## Yll Press - Qeveria pezullon punën e "Jugohromit" për një kohë të pacaktuar

YLL PRESS
...shkruan për të (mos) ndryshuar botën...

Kreu | Politikë | Shoqëri | Ekonomi | Komunat | Analiza | Arsim | Kulturë | Repo

### Qeveria pezullon punën e "Jugohromit" për një kohë të pacaktuar

**Qeveria paralajmëroi për ditën e martë se do të mbante mbledhjen dhe do të shqyrtonte këtë çështje, por u prolongua për të mërkurën, dhe mbrëmë në orët e vona mori vendimin që gjiganti i dikurshëm tetovar të pezullojë aktivitetin prodhues.**



Qeveria e Republikës së Maqedonisë në mbledhjen e mbajtur mbrëmë, ka marr vendim që kombinati ndotës "Jugohrom" të pezullojë punën për një kohë të pacaktuar, njofton Agjencia e Lajmeve "Zhurnal".

Sipas mediumit, vendimi është marrë me propozim të ministrave nga radhët e BDI-së, ndërkohë që arsyeja e vendimit është ndotja e ajrit në rajonin e Tetovës.

Qeveria paralajmëroi për ditën e martë se do të mbante mbledhjen dhe do të shqyrtonte këtë çështje, por u prolongua për të mërkurën, dhe mbrëmë në orët e vona mori vendimin që gjiganti i dikurshëm tetovar të pezullojë aktivitetin prodhues.

Kërkesa për mbylljen e fabrikës së Jugohromit deri në vendosjen e filtrave, fillimisht kaloi në komisionin ekonomik të Qeverisë.

Për shkak të ndotjes së ajrit, nxënësit e shkollave të qytetit të Tetovës nuk do të mbajnë mësim deri në fund të simestrit të parë, ndërkaq ende nuk ka ndonjë njoftim zyrtar se kur do të kompensohen ditët e humbura të mësimit.

Në protestën e mbajtur para pak ditësh në Tetovë , të organizuar nga "Eco Guerilla", Qeverisë nga ana e organizatorëve i është dhënë ultimatum që deri të premten ta zgjidhet çështja e "Jugohromit", si një ndër ndotësit më të mëdhenj në Tetovë, si dhe një sërë kërkesash të tjera.

## Пулс24 - *Проектот за управување на сливот со реката Струмица ќе помогне да се заштити населението од поплави и загадување*

Puls 24

# Проектот за управување на сливот со реката Струмица ќе помогне да се заштити населението од поплави и загадување

‹ ПРЕТХОДНА ВЕСТ    СЛЕДНА ВЕСТ ›

**Екосистемот на сливот на река Струмица има клучна улога во одржувањето на социо-економската стабилност и квалитетот на живот на околу 125,000 жители од регионот. Тој обезбедува вода за населението и земједелството и овозможува остварување на приходи за поголемиот дел од населението.**



Во изминативе две децении урбанизацијата доведе до поинтензивно земјоделство и индустриски развој. Неодржливите земјоделски практики како што се неконтролираната употреба на ѓубрива и пестициди и неефикасно наводнување на земјоделските култури, негативно влијаат врз квалитетот на водите.

Се очекува и дека климатските промени да доведат до пораст на температурите и екстремните временски услови, со што поплавите и сушите ќе станат уште поголема закана за регионот.

„Време е да се делува сега за да се намали ризикот од поплавите и загадувањето, за целиот овој регион да стане поотпорен на заканите од климатските промени. Благодарение на финансиската поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка, ние го почнавме проектот за обновување на сливот на реката Струмица", изјави постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации, Луиза Винтон.

Со овој проект, кој се спроведува во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и со општините Радовиш, Конче, Струмица, Ново Село, Василево и Босилово, се поддржуваат првите напори на Македонија да ги воведе принципите на Европската Унија за интегрирано управување со ризикот од поплави.

Проектот ќе работи со локалните власти на јакнење на капацитетите за воведување на принципите на интегрално спречување и контрола на загадувањето од индустријата, како и на воведување на најмодерните принципи, технологии и инфраструктура за управување со речниот слив.

Во рамките на проектот веќе отпочна програмата за воведување на агроеколошки мерки во земјоделското производство. По спроведување на програмата на обуки, ќе бидат избрани пилот фарми чиишто сопственици ќе бидат поддржани да спроведуваат модерни земјоделски практики. На тој начин тие ќе послужат како модел за тоа како преку контрола на употребата на

агрохемикалии и вода за наводнување, може да се постигне поголем и поквалитетен принос и подобра заштита на средината.

Заедно со општините и комуналните претпријатија од регионот се разгледуваат можни решенија за управување со отпадните води во сливното подрачје. Анализите ќе покажат каде треба да се насочат идните инвестиции со цел намалување на притисоците од отпадните води врз животната средина на исплатлив начин.

Отпочна и спроведувањето на приоритетни мерки за намалување на ризикот од поплави. Моментално, во рамките на проектот, се работи на чистење на приоритетни делници на речните корита и каналската мрежа, како и рехабилитација на оштетените насипи со кои ќе се обезбеди ефикасна заштита на земјоделските површини од идните поплави.

Во наредниот период сите овие мерки дополнително ќе се интензивираат, подобрувајќи го постепено управувањето со водите и нивната заштита.

„Нашата цел е да се заштити локалното населенио од поплави, да се заштити локалниот биодиверзитет, флората и фауната од загадување, но исто така, да се обезбеди просперитет за илјадниците земјоделски семејства чиишто животи и живеалишта зависат од водите на сливот“, вели Луиза Винтон.



## Утрински - Загадувањето ги наполни ординациите

Утрински весник

### ЗАГАДУВАЊЕТО ГИ НАПОЛНИ ОРДИНАЦИИТЕ



**Во здравствените установи дневно минуваат и по стотина болни кои се жалат на проблеми со дишењето**

**Јасмина Ј. Вељановска**

Загадувањето на воздухот и маглата ги наполнија ординациите со пациенти кои се жалат на проблеми со дишењето. Лекарите велат дека последните неколку денови прегледуваат и по стотина дневно граѓани кои имаат проблеми со дишењето, кашлање, кивање или потешки симптоми, инфекции на белите дробови. Зголемен број пациенти е забележан на Клиниката за детски болести во Скопје. Од оваа здравствена установа велат дека во текот на едно деноноќие се случува да прегледаат и по 130 деца кои имаат воспалувања на дишните патишта, посебно за време на дежурствата и во деновите на викендите.

„Зголемен е бројот на деца со регистрирани воспалувања на белите дробови, односно бронхитис и бронхопневмонии како и со инфекции на носот и грлото, што е очекувано со оглед на зголеменото загадување и маглата.Често се случува кај децата респираторните инфекции да се повторуваат. Иако, веќе се лекувале на клиниката, за кратко време пак се враќаат со нова инфекција. Лекувањето трае подолго од вообичаено, што според практиката повторно се поврзува со загадувањето на воздухот, иако за тоа е потребно и научна поткрепа", вели д-р Маја Ивановска од Детската

клиника во Скопје. Според неа зголемениот број на ресопиратирни инфекции се препишува и на фактот што се уште нема епидемија на грип која е вообичаена за овој период од годината.

Д-р Ивановска вели дека е необично и тоа што регистрирале инфекции кај деца кои не се својствени за нивната возраст. „Кај бебе дијагностициравме воспалување на гласните жици, што исто така може да се поврзе со временските услови", истакнува др Ивановска. Зголемен е бројот и на инфекции на очите, како и кожни манифестации.

Аерозагадувањето, покрај децата особено ги погодува и хронично болните од астма и ХОББ. На Клиниката за пулмологија во Скопје се бара кревет повеќе за прифаќање на пациенти, на кои им се влошила здравствената состојба, и покрај редовната терапија. „Кај овие луѓе загадениот воздух овозможува вирусите и бактериите полесно да пробијат во дишните патишта, што предизвикува дополнителни компликации. Има случаи кои иако имаат болки во грлото, потешкотии со дишењето, проблеми со очите, нивните резулатите од испитувањата на крвта не покажуваат воспалување, а тоа укажува дека здравствените проблеми се последица на аерозагадувањето", вели д-р Дејан Докиќ од Клиниката за пулмологија.

Лекарите порачуваат дека граѓаните, особено хронично болните, доколку се во можност, да не излегуваат на отворено во периоди од денот кога маглата е најгуста и кога е најголемо аерозагадувањето. Се препорачува и носење на заштитни маски со филтри, кои иако не заштитуваат целосно, сепак го намалува здравствениот ризик од загадувањето.

## Дума - [Државата не мрдна со прст за да го намали загадувањето на животната средина, констатираа екологистите]

ДУМА.мк
Известува и доловува

# Државата не мрдна со прст за да го намали загадувањето на животната средина, констатираа екологистите

**Регион** - **Велес**

*Среда, 23 Декември 2015 16:34*

Like 44 Tweet G+1 0 Share



Државата не ја научи лекцијата што и ја зададе Велес, како најзагаден град во Македонија. Таа не мрдна со прст за да ги подобри условите за живот на илјадници граѓани кога не го испочитува нивното уставно право за живот во здрава и чиста животна средина. Пред десетина години велешани не можеа да дишат сега без чист воздух се граѓаните на Скопје, Битола, Тетово, Кавадарци. Во топ петте градови на листата на најзагадени во државата сеуште е и Велес, со жалење констатираа претставниците на еколошките друштва „Вила Зора" и "Грин Пауер" на еколошката трибина организирана од Ротари клубот во Велес.

„Повеќе фактори влијаат на загадувањето на воздухот за кои деновиве слушаме кога се во прашање градовите Скопје, Битола, Тетово, Кичево и Кавадарци. Надлежните органи ништо не сторија освен што по пед дена дадоа некакви препораки , голема работа, за тоа граѓаните да седеле дома и да не излегувале надвор. Тоа ми смета и ме иритира затоа што

**Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот. Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.*

истата судбина ја имавме и ние во Велес. Според мене и анализите на друштвото што го преставувам надлежните не презедоа доволно мерки во однос на решавање или намалување на актуелното загадување освен прскањето на улиците со калциум, магнезиум ацетат ," рече д-р Ненад Коциќ од ЕД „Вила Зора".

Тој се согласи дека освен издувните гасови од сообраќајот влијание има и користењето на дрвото како огревно сретство во затоплувањето на домовите на граѓаните. Ги спомена и несоодветните огревни материјали но остана категоричен во ставот дека државата не презема конкретни мерки за надминување на состојбата. Д-р Коциќ го презентираше проектот што „Вила Зора" ќе го реализира од почетокот на наредната година за чистење на велешката почва од тешки метали и побара поддршка од бизнис заедницата.

„Сечењето на дрвата за мене е нешто што јас додека живеам, зборувам и пишувам нема никогаш да им го простам на сите оние кои неправедно и неоправдано исекоа дрва. Не знам што е полошо дали планското сечење на дрва или популарно наречената комерцијална кражба на дрва, не таа за голо преживување ,туку за кражба на дрва од која се заработуваат милионски суми," рече екологистот Игор Смилев од ЕГ „Грин Пауер" .



Тој откако ги ислуша експертите со воведните зборови, во кои беа користени податоци од научни трудови и истражувања во претходниот период до 2012 година, констатираше дека доколку во 2016-та се појави нов докторант на тема загадување и последици врз животната средина во Велес податоците ќе бидат уште побрутални. Смилев смета дека со секој технолошки напредок за жал се констатира поголемо загадување што во суштина значи дека државата не прави ништо за да го подобри живот на граѓаните .

„ Нема поголем ужас од урбанистичкото планирање во Велес.  Особено ако тргнеме во делот на новите стамбени комплекси , за мене неразбирлив начин,  како им е издадена дозвола  за комерцијална употреба без предвиден паркинг простор и како најблискиот паркинг простор  се смета за паркинг простор на зградата.  Од овој момент натаму мислам дека ниту еден стамбен комплекс не треба да добие употребнна дозвола без т.н енергетски пасош.  Секој новоизграден објект мора да биде соодветно изолиран  со термичка изолација и да доведува до неколкукратни бенефиции во делот на заштеда на електричната енергија ,' рече Смилев.



Нему му пречи  правната несигурност  во системот во кој што живееме најмногу штанцањето на законите за кои што граѓаните не се ниту свесни дека некој ги донел преку ноќ./У.Ј

## Либертас - В понеделник пред Влада, протест „Излези за воздух“

ЛИБЕРТАС

### В понеделник пред Влада, протест „Излези за воздух“

24.12.15 11:00
Прочитано : 14

Повеќе еколошки здруженија в понеделник, во 17 часот, пред Влада, под мотото „Излези за воздух“, организираат протест против енормното загадување на воздухот.




„Времето нè гази, а воздухот и понатаму ни ги зема здивот и животот. Немаме време за чекање, болестите и смртта нè демнат и нас и нашите блиски и нашите деца! Доста е! Се здруживме и одлучивме дека ќе кажеме „не“! Ве повикуваме сите кои дишете, а не сакате да умрете, да ни се приклучите на протест в понеделник, во 17 часот пред, Владата на Република Македонија. Протестираме против загадувањето на водухот! Протестираме за надлежните да преземат итни мерки со кои ќе се заштити нашето здравје! Излези за воздух“, се вели во фејсбук-најавата за настанот.

Протестот го организираат еколошките здруженија „Еко свест“, „Фронт 21/42“, „Еко герила“, „За нас се работи“, „Заслужуваме подобро“, „Воздух сега“, „Ние сме Карпош 4“, „Ајде“, „Стоп за фабриката Железара“„Ќе дишеме или ќе издишеме“, „Скопје смог апарм“, „Стоп за загадувањето на Аеродром и Гази Баба“ и „Го сакам ГТЦ“.

Утринава сите мерни станици во Скопје, Тетово и во Битола покажуваат многу виско ниво на аерозагадување, а во Кичево и во Кочани – високо ниво.

Мерната станица во Лисиче во 9 часот покажуваше 185 микрограми на еден метар кубен, во Центар беа измерени 294 микрограми, во Гази Баба – 135, а во Карпош мерната станица моментално не фукнционира.

Синоќа во Лисиче канцерогените ПМ10-честички достигнаа 800 микрограми на еден кубен метар, што е за 16 пати повеќе од дозволените 50 микрограми на еден кубен метар, а во Тетово – 400 микрограми, што е за осум пати повеќе од дозволеното.

## Фокус - [Продолжува алармантната загаденост на воздухот]



# ПРОДОЛЖУВА АЛАРМАНТНАТА ЗАГАДЕНОСТ НА ВОЗДУХОТ

Скопје, Тетово, Битола, Кичево, Кочани, Велес и Кавадарци повторно се градовите каде мерните станици измерија највисоки концентрации на штетните ПМ 10 честички.

**Фокус** 24 дек 2015, 10:41

G+1 0 Twe Like Share 5

Мерните станици и утрово измерија загаден воздух далеку над дозволената граница во истите градови – Скопје, Тетово, Битола, Кичево, Кочани, Велес и Кавадарци.

Во Тетово регистрирана е концентрација на штетните ПМ 10 честички од 345 микрограми на метар кубен, во Битола 270, во Кичево 163, што е неколкукратно над дозволената граница од 50 микрограми.

Во Скопје, пак, највисока концентрација на овие честички е измерена во Центар од 283, по што следува Лисиче (232), Гази Баба (211) итн.

## Макфакс - Во Милано три дена без автомобили во борба против загадувањето

МАКФАКС

### Во Милано три дена без автомобили во борба против загадувањето



**Извор :** (© Copyright ANSA)

**Градските власти во италијанската метропола Милна во средата одлучија да го забранат движењето на автомобилите на 28-ми, 29-ти и 30-ти декември, во рамките на борбата против загадувањето на воздухот кое мина над дозволеното ниво.**

Оваа забрана ќе се применува од 10 до 16 часот на сите приватни возила, вклучувајќи ги и мотоциклите, се прецизира во соопштението на градските власти на Милано.

Тие понудија ткн „анти-смог" карта со којашто во текот на целиот ден може да се користат сите јавни средства на јавниот сообраќај за само 1,5 евро.

Загадувањето се влоши последните денови во сите поголеми градови низ Италија, бидејќи сезонава изостануваат дождовите.

Ломбардија ги повика сите локални власти да се откажат од традиционалните големи новогодишни огномети, за да не се влоши дополнително ситуацијата.

Во главниот град Рим, на пример, властите повеќепати воведуваа алтернативно користење на автомобилите по системот чифт-тег. Римските власти се надеваат дека училишните празници и распусти на крајот од годината ќе овозможат подобрување на состојбата и не ја исклучуваат можност од целосна забрана на сообраќајот со приватни возила тие денови./крај/мф/сн

## Вечер - *Во Сараево поради загадувањето на воздухот учениците без настава*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА

БИХ

# Во Сараево поради загадувањето на воздухот учениците без настава



Во основните и средните училишта на Кантонот Сараево денеска нема да се одржи настава поради зголемување на загаденоста на воздухот, одлучи кантоналното Министерство за образование, наука и млади.

Причина за прекин на наставата е податокот дека зголеменото загадување на воздухот во подолг период, според некои информации, најдолг во последните децении, предизвикало здравствени тегоби кај голем број деца.

Во соопштението на Министерството се наведува дека голем број родители барале министерот да ја прекине наставата во училиштата на подрачјето на кантонот Сараево.

Од ресорното Министерство соопштија дека наставата во основните и средни училишта на Кантонот Сараево денеска нема да се одржи настава иако вредноста на параметри значајни за утврдување на степенот на загаденост на воздухот не се зголемени на ниво кое налага мерки од трет степен (епизода на тревога) во кои спаѓа и можноста за прекин на наставата.

## Вечер - [Во повеќе градови воведен црвен степен на предупредување за загадување од смог]

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА СПОРТ

КИНА

### Во повеќе градови воведен црвен степен на предупредување за загадување од смог



Повеќе кинески градови денеска, по првпат, во сила го ставија црвениот степен на предупредување од загадување, како одговор на предвидувањата за обилен смог. Ова се случува откако властите во Пекинг двапати во текот на овој месец ја активираа истата мерка, особено по критиките затоа што тоа не го сториле порано.

Провинцијата Шандонг, на истокот од Кина, прогласи тревога во четири градови, покрај предупредувањето дека густината на загадувачките честички во воздухот може да ги надмине високите нивоа во текот на повеќе од 24 часа, пренесуваат американските медиуми.

Канцеларијата за заштита на животната средина во Шандонг соопшти дека од утринава во сила е црвениот степен на предупредување.

Метеоролошките власти во Хебеј, која се смета за најзагадена провинција во Кина, во вторникот првпат издадоа црвен степен на предупредување за загадување од смог.

Градовите во провинцијата Хебеј потоа ги презеле потребните мерки, при што Сјингтај и Хандан ја засилиле контролата во сообраќајот за да го преполоват бројот на возила на патиштата, наведува Канцеларијата за заштита на животната средина во Хебеј.